**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.07.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Зоран Фиданоски (годишен одмор).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, Дејан Премчески.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 29-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Фиданоски кој се наоѓа надвор од градското подрачје и има многу слаба интернет конекција. Во таа насока разговарал со него и се договориле бидејќи сите останати членови на Советот се присутни, на денешната седница и на следната која се планира на 30 јули да не се приклучува во видео конференциската врска бидејќи е невозможно да работи со таков интернет.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.07.2020 година.
2. Извештај од изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2020 година.
3. Предлози за поведување прекршочни постапки за прекршувања на Изборниот законик.
4. Предлог за изрекување мерка на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Истражување - Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите.

6. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.07.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот од изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2020 година. Објасни дека мониторингот започна на 24 јуни и траеше до 15 јули 2020 година и беше спроведен врз примерок кој што се состоеше од следните програмски сервиси: пет радио и телевизиски програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис како и националните комерцијални телевизии, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ Клан, ТВ Шења и ТВ 24 Вести. За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки. Во врска со самото одлагање на изборите од 12 април и за Уредбите кои ги носеше Владата за измени на Изборниот законик рече дека нема да коментира бидејќи тоа е дел од Извештајот и сите се тековно запознаени бидејќи Советот се состануваше и ја следеше целата ситуација. Во врска со изборното медиумско претставување објасни дека програмските сервиси на јавниот сервис генерално обезбедија избалансираност во вестите и може да се каже дека во овој изборен процес јавниот сервис има добиено највисока оценка во однос на претходните изборни циклуси споредено со комерцијалните телевизии. Мониторингот кај комерцијалните телевизии покажа дека ниту една од телевизиите не успеа во целост да го спроведе принципот на известување на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. Најчесто најголемо време се отстапуваше на двете најголеми партии од власта СДСМ и ДУИ и најголемите партии од опозицијата ВМРО ДПМНЕ и Алијанса за Албанците. Додека за помалите партии, вонпарламентарните, дел од телевизиите или воопшто не известуваа или известуваа многу малку или друга група на комерцијални медиуми кои што известуваа за активности кај одреден дел од помалите политички партии и на таков начин им се скрати можноста на гледачите да бидат информирани за активностите кои што ги имаа помалите политички партии, вонпарламентарни или за ново формирани партии специјално пред почетокот на овие избори. Од сите комерцијални радиодифузери два медиуми се издвоија како медиуми кои што со начинот на известувањето се карактеризираат во групата кои што не ги исполни минималните услови за да може да се каже дека известувале избалансирано а тоа е следната точка од оваа седница. Тие се ТВ Алсат-М и ТВ Шења кои известуваа во поголем обем за една или друга политичка патија или при известувањето известуваа негативно за една или друга политичка партија. Во однос на обврската што медиумите ја имаа за да ја прилагодат својата програма со знаковен јазик за активностите поврзани со изборите тоа го направија само МРТ прв програмски сервис и ТВ 24 Вести, иако овие телевизии и претходно во тековното работење имаа вакви информативни емисии кои што се покриени со знаковен јазик. Причините зошто другите комерцијални телевизии не го направија тоа можеби е затоа што самите законски измени се донесоа многу брзу пред распишување на изборите, немаа

можност да бидат подготвени за такво нешто, а исто така тоа бара и дополнителни финансиски средства. Во текот на изборната кампања односно за време на изборниот молк кај три радиодифузери ТВ Телма, ТВ Алсат-М и Македонско радио прв програмски сервис е констатирано прекршување на изборниот молк за кои што Советот веќе покрена прекршочни постапки.

Г-дин Петрушевски појасни дека Советот доколку сака може да се вклучи во дискусија, да го коментира Извештајот и да даде свои размислувања.

Г-дин Ајдини рече дека овој пат е многу важно да се напомене дека на Агенцијата не и било лесно да се прилагоди кон новите услови кои се создадоа поради пандемијата со Ковид 19. Исто така тука се и честите промени на Упатството за лимитите за платено политичко рекламирање кое беше донесено ден пред почетокот на изборната кампања и и обврските кои произлегуваат од Упатството за потврдување на извештаите за емитувано ППР. Меѓутоа работата на Агенцијата засновајќи се на меѓународни стандарди за мониторинг успеа аргументирано, со факти, со документи да констатира прекршувања на радиодифузери за време на изборен молк и исто така и за прекршување на принципот на баланс, односно необезбедување избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници. Оттука рече дека АААВМУ беспрекорно ја заврши работата, Извештајот е професионално изработен и ќе го поддржи.

Г-дин Петрушевски објасни дека Извештајот од изборното медиумско претставување за време на Предвремените парламентарни избори 2020 година е информативно доставен до Советот и нема конкретен предлог од службата дали треба да го гласаат. Сепак рече дека ќе го поддржи Извештајот, но не му е докрај јасно бидејќи нема конкретен предлог дали Советот има обврска да го усвои бидејќи тоа не е наведено во материјалите. Затоа го праша директорот како Советот треба да постапи, бидејќи му е логично да се изјаснат на крајот, иако немаат конкретен предлог како документ во насока дека Советот го усвојува извештајот. Смета дека спред Закон Советот треба да се изјасни за Извештајот.

Г-дин Трајчевски објасни дека Извештајот е изработен од Стручната служба на Агенцијата па ниту тој го одобрува па логично не би требало ни Советот да гласа за него. Од самиот извештај произлегуваат два предлози за покренување на прекршочни постапки. Всушност рече, не би било логично Советот да дискутира за покренување на две прекршочни постапки без притоа да го нема на увид Извештајот. Затоа е даден да се разгледа, да се дискутира, и не велат ниту тврдат дека Извештајот е идеален, но сепак има право секој член на Советот да дискутира и доколку има пофалби и забелешки да ги искаже. Така што смета дека нема потреба на крајот да се гласа по него туку само да се има основа за наредната точка каде има предлози за покренување на прекршочна постапка за два радиодифузери.

Г-дин Петрушевски заклучи дека нивно право е да дискутираат, а дали некој од нив јавно ќе го поддржи или пофали како што направиле тој и г-дин Ајдини, тоа е избор на секој член на Советот. На крајот нема да има гласање по Извештајот туку нивните конкретни гласови ќе бидат по мерките што се предложени врз основа на овој Извештај. Во врска со Извештајот рече дека е професионално направен, без никаква пристрасност, строго според Законот. Неговата оценка е дека медиумите во мнозина беа добри, поголемиот дел од нив беа коректни, немаше толку големи прекршувања

како пред повеќе години. Она што им сметаше на медиумите и она што и сметаше на Агенцијата, тоа е наведено во Извештајот но треба да се потенцира, е дека имаше премногу промени на Изборниот законик особено со Уредби на Владата во период на криза. Дел од промените во Изборниот законик и промени во ЗААВМУ се направија пред самото распуштање на Собранието. Ова секако не е добро и не наликува на една правна држава како што ние сакаме да бидеме. Тоа не оди во прилог на аспирациите да станеме една држава што заслужува да биде членка на ЕУ. Според негово мислење она што ниедна од комерцијалните телевизии не успеала идеално да го спроведе е принципот на пропорционалност поради недостатоци во Законот, иако има оправдување и дека реалноста е таква, дека медиумите секогаш повеќе внимание им обрнуваат на појаките политички субјекти, на позначајните партии. Неопходни се и потребни се едни разумни измени на Изборниот законик, само не да се прават пред наредни избори туку кога ќе се конципира Собранието да ги направат првата година и после тоа да не ги менуваат. Се надева дека ќе ги послушаат нив и другите стручни субјекти и дека тие измени во делот на медиумите ќе бидат како што треба а не вака изведени во последен момент.

Г-дин Фетаи рече дека ова се ретки моменти кога имаат прилика по избори да разговараат за Извештајот од мониторингот. Се наврати на 2016 година кога на тогашните избори имаше компромисно решение за формирање на ад хок телото кое на крај ги валоризираше извештаите на Агенцијата, па гласаше дали нешто е прифатливо или не е прифатливо. Според него тогаш немаше некоја голема тежина што е констатирано од мониторингот туку сѐ зависеше од тоа колку гласови која позиција ќе добие и повеќе тоа личеше на некое политичко одлучување за работи кои не треба да бидат политички, туку да одлучуваат врз основа на аргументите, на стандардите, на тоа што со мониторингот беше констатирано. И тогаш имаше несразмерни ситуации од она што мониторингот го констатираше и она што ад хок телото го прифаќаше или го отфрлаше. Сега го нема ад хок телото и затоа смета дека овој Извештај е многу постручен, пообјективен и ја отсликува реалната состојба во медиумското покривање, односно однесувањето на медиумите во поглед на презентирање на учесниците во изборната кампања. И согласно тоа тој не само што го поддржува овој Извештај туку смета дека е и приближно до она што е реално и треба да им послужи на медиумите како репер, патоказ да се поправат во смисла на нивната улога и одговорност што ја имаат како медиуми во едно демократско општество. Жал му е што медиумите не постигнаа да бидат на висина на нивната задача со оглед на тоа дека медиумите во нашата држава се третирани како „бели мечки“, толку многу внимаваат на нив како што рече, ги пазиме, ги цениме, ги фалиме, ја подигаме на високо ниво наводно нивната значајна улога во смисла дека тие ќе го спасат општеството, дека тие се промотори на демократските процеси за што тој лично смета дека не е точно. Тие во неколку моменти, во некои ситуации се дел од лошата приказна на многу состојби во општеството. Рече дека многу му е драго дека е констатирано тоа што го констатираат и демократските држави, а тоа е улогата на јавниот сервис. Според него јавниот сервис е промотор на реалните вредности на општеството бидејќи се финансира како мисија од Буџетот и идејата е да ги покрива сите сегменти на општеството. Додека и понатаму се гледа дека комерцијалните медиуми во нашата држава се под големо влијание на нивните сопственици и нивните основачи и се однесуваат стриктно како бизнис група. Од каде ќе им дојдат повеќе пари натаму ќе се ориентираат и ги газат стандардите кои се предвидени.

Мониторингот го покажа она што и тие го констатирале и добро е што се одвоени два медиуми, да не се ставаат во ист кош сите заедно бидејќи некои сепак се потрудиле според бројките што ги има во Извештајот да имаат избалансирано и пропорционално прикажување на настаните, на гледачите да им донесат реална слика. Овие два медиуми кои се апострофирани се безнадежни, тие екстремно ги прекршиле правилата и затоа е добро што се ставени во позиција, во смисла дека ќе се покрене прекршочна постапка што ќе ја поддржи. Уште еднаш укажа на тоа дека медиумите не го положија доволно испитот на зрелоста посебно што добија пари за политичкото рекламирање обезбедени од Буџетот, потоа Агенцијата и Советот им овозможија да имаат две години бесплатна дозвола за емитување, а тие на некој начин постануваат дел од политичките игри, се прилагодуваат едни лево едни десно, и ретко може гледачите да се ослонат на некој многу објективен медиум кој се ориентира кон публиката а не кон политичките партии. Тоа е негово мислење и тоа чувство го има што во некои аспекти и самиот мониторинг го покажува тоа со реченицата дека ниту една од комерцијалните телевизии не успеа целосно да го спроведе принципот на избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлозите за поведување прекршочни постапки за прекршувања на Изборниот законик. Објасни дека кај ТВ Алсат-М и ТВ Шења е констатирано дека го прекршиле членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, односно со нивното известување во периодот за кој е правен мониторингот за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбедиле избалансирано покривање на изборниот процес. Нагласи дека и со мониторингот Агенцијата не очекуваше дека тие во секоја од емисиите ќе обезбедат избланасирано известување, туку во текот на изборната кампања од 24 јуни заклучно со 12 јули бидејќи од 13 јули започна изборниот молк, ќе треба да обезбедат приближно еднаква застапеност на политичките партии кои учествуваат во изборниот процес врз основа на бројот на потврдени кандидатски листи. Кај ТВ Алсат-М се констатира дека во вестите во 19 часот, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 5 од вкупно 15 учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Воопшто не објави информации за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања. Притоа, наместо за учесниците во изборната кампања со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време, во вестите известуваше со различен обем, при што за ДУИ одвои - 56 минути и 29 секунди, за Коалиција Обнова на Македонија - 29 минути и 12 секунди, за Коалиција Можеме - 27 минути и 48 секунди, и за Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива - 19 минути и 1 секунда. За ДПА со пет потврдени кандидатски листи одвои 2 минути и 11 секунди. Еден од квалитативните показатели за балансот во известувањето е рамката (врамувањето) во која се информира за одреден субјект, а којашто говори за контекстот на известувањето. Поимот за „врамувањето" не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Ако за некој политички субјект почесто се известува во проблематичен контекст, тоа може да укажува на намера

субјектот да ѝ се претстави на јавноста во негативен контекст. Според податоците за застапеноста на субјектите во вестите, најмногу време беше одвоено за ДУИ, речиси колку за коалициите Можеме и Обнова на Македонија, заедно. Меѓутоа во голем дел од одвоеното време, контекстот беше негативен за ДУИ. Беа емитувани повеќе прилози со критика за отстапувањата од реализацијата на претходни програмски цели и ветувања кои му даваат на известувањето за оваа партија негативна рамка.

Г-дин Ајдини рече дека можеби ќе звучи стереотипно но милион пати е напоменето која е улогата на медиумите во општеството, а особено за време на изборите, а тоа е уредувачката независна политика, професионализмот, објективноста кои се темелат на доследно покривање на изборите. Недостатокот на овие принципи ќе влијаат или може да наштетат на резултатот на изборите. Жали што оваа телевизија известувала неизбалансирано, ја сметал за професионална и очекувал дека ќе работи професионално и објективно како и минатите години. Меѓутоа за жал и овој медиум не успеа да го помине испитот и рече дека времето ќе покаже дека за ова тие мора да сносат морална одговорност или ова ќе влијае врз нивниот имиџ кај гледачите.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа телевизија известувала во негативен контекст за точно една одредена партија. Тука направиле дисбаланс и затоа предлогот е таков од службите.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-ДОО Скопје бр.10-3032/1 од 27.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, радиодифузерот при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

Г-дин Трајчевски објасни дека ТВ Шења го прекршила истиот член од Изборниот законик како и претходниот радиодифузер, односно член 75 став 1 од Изборниот законик а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик. Во периодот од 24 јуни до 12 јули 2020 година, ТВ Шења во Вестите од 18 часот и 55 минути, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 4 од вкупно 15 учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда. Притоа, наместо за сите овие 4 учесници во изборната кампања (Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива, ДУИ, Коалиција Можеме и ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција Обнова на Македонија), со ист број на потврдени листи со кандидати за пратеници (по 6 листи), и сличен интензитет на кампања, да издвои приближно исто време во Вестите, известуваше со различен обем. Најмногу време беше отстапено за

активностите на Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива – 55 минути и 42 секунди, што е двојно повеќе од времето за партијата ДУИ за која се одвоени 23 минути и 36 секунди. Потоа, според отстапеното време следуваат Коалицијата Можеме со 21 минута и 47 секунди и Коалицијата Обнова на Македонија со 17 минути и 44 секунди. Воопшто немаше информации за ДПА, ниту пак, за вонпарламентарните партии – учесници во изборната кампања. Овде има и квантитативен значителен дисбаланс бидејќи времето на известување на ТВ Шења за Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива е двојно повеќе од ДУИ, а потоа следат и останатите партии. Во квалитативниот дел исто и како кај ТВ Алсат-М телевизијата емитуваше повеќе прилози - коментари/осврти, во траење од 25 минути и 21 секунда, кои се критички насочени кон еден од учесниците во кампањата - владејачката партија ДУИ поради неисполнети ветувања. Објасни дека сите примери се наведени во Извештајот. Затоа се предлага да биде покрената прекршочна постапка поради незбалансирано известување.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа телевизија во еден дел е малку поразлична, во еден дел слична со претходниот радиодифузер, во секој случај се работи за неизбалансирано покривање на изборниот процес, тоа е основа на предложената мерка согласно членот 75 став 1 од Изборниот законик.

Г-дин Фетаи рече дека кај оваа телевизија не се забележува само една девијација има две-три паралелно. Освен во негативен аспект кон една политичка партија, другата е ставена во тотално позитивен привилегиран аспект, а тоа е Коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива. И трето е тотално запоставена, нула секунди за ДПА на Мендух Тачи. Оваа телевизија и во 2016 година за жал покажуваше тенденции и исто ваква приклонетост кон една политичка партија тогаш за БЕСА, екстремно ставена во позитивна рамка во известувањето и негативно известување за тогашната владеачка структура. Ова значи дека за жал не се поправила, не се издигнала на малку повисоко ниво на објективност и професионализам. Останува да бидат мала телевизија која токму поради ваквите однесувања има меѓу најмалата гледаност во нашата држава. Навистина му е жал што станале дел од политичката игра, а не дел од информирањето и тие како телевизија би требало да бидат пообјективни. Во оваа смисла кога зборува не сака да биде погрешно разбран, секоја телевизија и новинари го имаат нивното право да бидат самостални, професионални, објективно да информираат феномени, да анализираат, да критикуваат одредени работи за кои сметаат дека треба да бидат поинакви. Но, кога се гледа целокупната слика на ова што го има тука, тогаш веќе идејата е тенденциозна, идејата е публиката на некој начин лажно да се информира односно еднострано да се стави во една позиција некој во позитивна, некој во негативна, што во најмала рака воопшто не е идеја на медиумот. Затоа за овој медиум му е жал и никако да се поправат во оваа смисла. Следната година ги има локалните избори, можеби и тие како членови на Совет се`уште ќе бидат тука, ќе ги следат и тогаш ќе видат со која партија ќе се врзат бидејќи настапуваат како да се дел од некоја политичка партија, една политичка партија поддржуваат а кон останатите се против. Советот и Агенцијата како регулатор не ги одвојуваат медиумите, не прават селекција, за нив се сите еднакво важни и значајни, затоа и нивните одлуки се принципиелни и според Закон засновани. Но кога има вакви медиуми кои во континуитет 4-5 години наназад прават една таква лоша слика и нанесуваат штета и на другите медиуми кои се пообјективни тогаш реагираат. Очекувал дека овој медиум на овие избори ќе се

поправи со оглед на искуството од 2016 година кога го констатирале, но изгледа тешко им оди таа работа. Го поддржува предлогот за покренување прекршочна постапка па судот ќе одлучува понатаму. Повеќе му е идејата оваа прекршочна постапка да има едукативен карактер, да не мислат дека еве ја излажавме јавноста, го излажавме регулаторот и ние успеавме да тераме некоја политичка агенда екстремно и не ни може никој ништо. Праша дали знаат која е идејата на раководителите на таквите медиуми? Тие сите нас, рече, целиот регулатор поради нивната грешка, поради нивната позиција која ја имаа и ја покриваа таа позиција, ќе ги посочат сите нив дека навиваат за некого, на пример директорот за некоја политичка партија, тој за некоја друга политичка партија, се со цел да го прикријат нивното пристрасно, еднострано и непрофесионално следење на изборите.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје бр.10-3033/1 од 27.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка б од Изборниот законик, радиодифузерот при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2020 година, не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните и во посебните информативни емисии во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека на 15 јули 2020 година стигна претставка од граѓанин дека на ТВ Телма е емитуван игран филм со несоодветна категоризација со што е извршена повреда на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Извршен е надзор од страна на службата и констатирано е токму она што го пријавил граѓанинот во неговата претставка. Објасни дека Советот е во тек со мерките кои се изречени кон ТВ Телма која овој член од Законот оваа година го прекрши два пати. Првиот пат Советот изрече мерка опомена, вториот пат за време на вонредната состојба и епидемијата и покрај тоа што требаше да биде поведена прекршочна постапка, Советот на негов предлог донесе Одлука да се изрече повторно мерка опомена односно за несоодветната категоризација на филмот кој последниот пат беше емитуван наместо тогаш да биде изречена прекршочна пријава, Советот покажа голема ширина и буквално му прости на медиумот. Сега истата телевизија воопшто не влече поука од тоа и овој месец повторно емитувала филм со несоодветна категоризација. Значи причината за вонредниот надзор е пријавата од граѓанинот и констатацијата дека навистина

претставката на граѓанинот е оправдана. Бидејќи овој прекршок се случува по трет пат оваа календарска година, се предлага Советот да изрече мерка прекршочна пријава кон овој радиодифузер.

Г-дин Петрушевски рече дека лично очекува и постои можност самиот медиум или неговите раководни лица, управителот, да пробаат на оваа нивна мерка да и дадат некоја политичка боја, да оценат дека намерно прават нешто против ТВ Телма, иако овој прекршок во последните 6 месеци е трет пат како се случува. Објасни дека за претходните два пати бил со став дека грешката е сторена од невнимание. Вториот пат сите го поддржале предлогот за опомена и не покренале прекршочна постапка, туку ја повториле јавната опомена што ретко прават за било кој медиум. За жал сега ова по трет пат се случува и би било премногу по трет пат да изречат јавна опомена. Смета дека предложената мерка е правилна и никако не е поврзана со другите активности, доколку се сеќаваат за истиот медиум изгласаа и покренување на прекршочна постапка за прекршување на изборен молк. И тогаш имаше напади врз Агенцијата, особено врз директорот дека тоа е од други причини. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот, убеден е во она што службата го детектирала, граѓанинот го пријавил, немаат голем избор мора да постапат професионално, а нападите кои можат да се случат кон нив ќе ги сфатат како дел од нивната функција.

Г-дин Фетаи рече после она што го слушнал во образложението и аргументацијата која стои дека ја повториле истата грешка, тој исто така се приклучува кон поддршка на предложеното, па потоа судот нека одлучи за понатамошната состојбата со нивниот прекршок.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, по претставка (иницијатива на физичко лице) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-3019/1 од 24.07.2020 година и утврди прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, на 15 јули 2020 година, играниот филм „Три дена во септември“, беше погрешно категоризиран и означен како програма од втора категорија (8+) и беше емитуван во несоодветен временски период од деноноќието – пред 20 часот.

Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: Истражување - Анализа на

родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека ова е стандардна набавка која не произлегува само од ЗААВМУ туку и од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Објасни дека по изработувањето Агенцијата има обврска оваа анализа да ја испрати до Собрание. Процедурата е стандардна и најчесто се оди со јавна набавка, но доколку нема заинтересирани субјекти, правни лица, оператори кои што можат тоа да го направат, понекогаш се ангажираат и стручни лица преку Агенција за времени вработувања за да ја изработат оваа анализа.

Г-дин Петрушевски рече дека пратениците и пратеничките последниот пат кога ја разгледувале оваа анализа биле задоволни и ја посочиле како редок пример дека некој од државата се грижи за оваа област.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Истражување – Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Истражување – Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/5 од 06.05.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

Подготвила: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирала: Маја Дамевска

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-3025/6**
**30.07.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**